**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул. Св. Кирил и Методиј бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 Факс (02) 3296 466** www.kzk.gov.mk e-mail: kzk@kzk.gov.mk

Бр: 03- 333/2
Скопје: 24.12.2025

***МИСЛЕЊЕ – усогласен став меѓу* Биро за јавни набавки, Државна комисија за жалби по јавни набавки, Државна комисија за спречување на корупција, Државен завод за ревизија, Комисија за заштита на конкуренцијата и Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини**

*Во периодот по распишување на избори договорните органи, покрај Законот и прописите за јавните набавки, треба да ги почитуваат и одредбите од Изборниот законик и Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.*

*Согласно член 8-а од Изборниот законик и член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборниот процес, не може да се започне со изградба со средства од буџетот или од јавни фондови или со средства на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти, освен ако за таа намена претходно се обезбедени средства од буџетот, односно се работи за реализација на програма донесена врз основа на закон во тековната година.*

*БЈН, ДКЖЈН, ДКСК, ДЗР, КЗК и МЕРМС се согласни дека, од аспект на јавните набавки, ограничувања во текот на изборниот период се однесуваат само на <u>јавни набавки кои се опфатени со горенаведените одредби</u> односно започнување на изградба на нови објекти во инфраструктурата како патишта, водоводи, далноводи, канализација, спортски игралишта и други објекти или објекти за општествени дејности училишта, градинки и други објекти.*

*Активности (на пр. измена на Годишен план за јавни набавки) поврзани <u>со јавни набавки кои не се опфатени во горенаведените одредби</u> може непречено да се реализираат, на начин и услови кои се утврдени со прописите, независно од изборниот процес.“*